РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1511/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-тата седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1511/1 од 30.04.2024 година, во која е изразено сомневање во однос на постоењето на основа и критериуми за правична распределба на средства за политичко рекламирање на медиумските портали од страна на Државната изборна комисија, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-1511/1 од 30.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 30.04.2024 година, поднесена е пријава во која е изразено сомневање во однос на постоењето на основа и критериуми за правична распределба на средства за политичко рекламирање на медиумските портали од страна на Државната изборна комисија, и оформен е предмет број 12-1511/1 од 30.04.2024 година. Во пријавата подносителот, без да изнесе наводи за коруптивни или други незаконски дејствија, и без да упати на конкретни лица и настани, изразува сомневање во однос на распределбата на средства за политичко рекламирање во изборната кампања за Претседателските избори 2024 година и во изборната кампања за Парламентарните избори 2024 година.

Согласно ставот 6 од членот 75-ѓ од Изборниот законик, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), доколку обезбедуваат платено

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, се должни во рок од три дена од денот на распишување на изборите, да се регистрираат во Државната изборна комисија. Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) што нема да се регистрираат во Државната изборна комисија, нема да имаат право да користат финансиски средства за платено политичко рекламирање, обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

Согласно членот 76-д од Изборниот законик, (1) За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Македонија. (2) Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. (3) Државната изборна комисија ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) во рок од 30 дена од објавување на конечните резултати. Прилог на доставената фактура е Договорот, медиа план од Учесникот во изборната кампања и Извештај за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали). (4) Медиа планот и Извештајот за реализирани услуги се поднесуваат на обрасци пропишани, донесени и објавени од Државната изборна комисија.

Согласно ставот 3 од членот 85-а од Изборниот законик, ДКСК е должна на својата веб страница да го објави Извештајот за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, кој Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) во РСМ се должни да го поднесат; на образец пропишан од министерот за финансии, освен до ДКСК, и до МФ, до ДИК и до ДЗР, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

Исто така, до ДКСК се доставуваат и Ценовниците за платено политичко рекламирање, а кои печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) и Радиодифузерите се должни да ги доставаат, освен до ДКСК, и до ДИК и до ДЗР, во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите. Согласно членот 31 од Изборниот законик, ДИК има надлежност јавно да ги објавува ценовниците на радиодифузерите и печатените медиуми на својата интернет страница.

Од посочените законски одредби произлегува дека во однос на распределбата на средства за политичко рекламирање, надлежен орган за регистрирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми, како и за исплатата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање е Државната изборна комисија.

Утврдувањето на цените за закуп на рекламен простор на интернет порталите е уредено со Упатство за начинот и постапката за утврдување на просечно постигнатата цена и најниска цена за платено политичко рекламирање за радиодифузери, печатени медиуми и портали кои не учествувале во последните пет изборни циклуси донесено од страна на ДИК на 14.02.2024 година, и објавено на нејзината интернет страница.

Од горенаведеното може да се заклучи дека во однос на изразеното сомневање во пријавата врз чија основа е оформен предметот, ДКСК нема елементи за надлежно постапување, особено ако се земе предвид дека во истата не се содржани конкретни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, и дека не се содржани наводи за коруптивни или други незаконски дејствија. Истовремено, од погоре констатираното произлегува дека во однос на изразеното сомневање во пријавата надлежна е да постапува Државната изборна комисија.

Следствено, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата